ПроКредит Банка АД
ул. Манапо 7
Бр. 03-1927/2
15.05 2020 год.
СКОПЈЕ

ProCredit Bank, Manapo 7, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

ProCredit Bank

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup
15 -05- 2020
Број Numër
Прилог Shtojcë
Вредност Vlerë

**До**
**Министерство за финасии на Република Северна Македонија**
**ул. Даме Груев бр.12**
**Скопје**

**Од ПроКредит банка АД Скопје**
**Ул.Манапо бр.7**
**Скопје**

**Предмет:** Известување од Прокредит банка АД Скопје како носител на платен промет во врска со примена на Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица

Почитувани,
Во насока на постапување по задолжение предвидено во член 8 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица, во законски предвидениот рок, Ве известуваме дека Управниот Одбор на ПроКредит Банка АД Скопје како носител на платен промет на ден 14.05.2020 година донесе Одлука дека не одобрува намалување, односно откажување од трошоците за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишуваат согласно со одредбите на Законот за отпис и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица.

Банката при носење на својата одлука детално ги разгледа предвидените можности и притоа ги зема во предвид начелото на правичност и чесност како и техничките можности кои ги има на располагање во овој момент, па оттука како носител на платен промет во делот на намалување, односно откажување од трошоците за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишани согласно со одредбите од Законот за отпис и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица не е во можност позитивно да одговори и го задржува дискреционото право кое банката го поседува во однос на наплата на провизии настанати по основ на деблокирање на сметки на должници.

Притоа со оглед на прогласената вонредна состојба во земјата како резултат на пандемијата предизвикана од COVID-19, банката во континуитет презема низа мерки и олеснувања за должниците при намирувањето на нивните обврски кон банката, а со цел минимизирање на негативните ефекти од настанатата ситуација.

14.05.2020 година,
Со почит,

Јованка Јолеска Поповска
Генерален директор

Емилија Спировска
Член на Управен одбор

ПроКредит Банка АД - Скопје * ProCredit Bank AD - Skopje * 24

ProCredit Bank
Manapo 7, 1000 Skopje,
Republic of North Macedonia
S.W.I.F.T PRBUMK22

Phone: +398 2 244 60 00
mkd.info@procredit-group.com
www.pcb.mk

Members of Managing board:
Jovanka Joleska Popovska, General Manager
Emilija Spirovska, Member of Managing Board
Stevce Kuzmanovski, Member of Managing Board

Потпис/Nënshkrim